С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 8 година XLII** **29 Мај 2006**	Претплата за 2006 година -500 ден. **жиро с-ка 300-2700000041-45**

115.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на цените за давање на услуги за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати

Се прогласува Одлуката за утврдување на цените за давање на услуги за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2006 година.

Број 0801-2014/1
29 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за пожарникарство („Службен весник на РМ“ бр. 67/04),член 36, став 1, точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен гласник на РМ“ бр.5/02), а согласно Одлуката за формирање на територијална противпожарна единица Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.6/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.05.2006 година донесе,

Одлука
за утврдување на цените за давање на услуги за орджување сервисирање и испитување на противпожарни апарати

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат цените за давање на услуги за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати.

Член 2

Територијалната противпожарна единица на Општина Велес, ќе дава услуги за оржување-полнење,сервисирање и испитување на противпожарни апарати на правни или физички лица доколку истите побараат ваква услуга.

Член 3

Цените за извршената услуга се следните:

Тип на ПП апарат	одржување полнење/ден.	сервисирање во ден.
1. С-1	130,оо	50,оо
2. С-2	250,оо	50,оо
3. С-3	360,оо	50,оо
4. С-6	750,оо	50,оо
5. С-9	900,оо	50,оо
6. С-50	5.300,оо	180,оо
7. С-100	10.000,оо	180,оо
8. ЦО2-5	250,оо	50,оо
9. ЦО2-10	500,оо	50,оо
10. ЦО2-30	1.000,оо	50,оо
11. ЦО2-2х30	2.000,оо	50,оо
12. Полнење на внатрешни боци од С-1 до С-9	60,оо	
13. Врзување на ПП-црево	50,оо	

Член 4

Оржувањето,сервисирањето и испитувањето на противпожарните апарати, ТППЕ е должна да го врши во солгасност со техничките нормативи, стандарди и упаства за овој вид на работи.

Член 5

ТППЕ е должна да води посебна евиденција за извршеното одржување, испитување и сервисирање на противпожрните апарати.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1960/1
26.05.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов,с.р.

116.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за престанување со работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес

Се прогласува Одлуката за престанување со работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2006 година.

Број 0801-2014/2
29 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 21 од Законот за основното образование („Сл.весник на РМ" бр.44/95, 24/96,34/96, 35/97, 82/99, 29/02,40/03, 42/03, 63/04, 55/05, 81/05, 113/05 и 35/06), а во согласност со член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ "бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за престанување со работа на општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес

Член 1

Општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес, престанува со работа со припојување кон општинското основно училиште „Блаже Конески" Велес.

Член 2

Општинското основно училиште „Блаже Конески" Велес е правен следбеник на правата и обврските на општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес.

Член 3

Општинското основно училиште „Блаже Конески" Велес, ги презема опремата и наставните средства, вработените и учениците од општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес.

Член 4

Бришењето на општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес од судскиот регистар и од регистарот на основните училишта ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на примената на оваа Одлука.

Член 5

За поведување на постапката за престанок со работа на општинското основно училиште „Трајко Андреев" Велес, добиена е согласност од Министерството за образование и наука Скопје бр.10 -1118/2 од 18.05.2006 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, а ќе се применува од 01.07.2006 година.

Број 0701-1960/2
26.05.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов,с.р.

117.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот

Се прогласува Одлуката за измена и

дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 26.05.2006 година.

Број 0801-2014/3
29 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 5, став2 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“бр.61/04) член 36, став1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а согласно Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (“Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 6/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 26.05.2006 година, донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

Член 1

Во Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.6/05) после член 4 се додава нов член 4а кој гласи:

„Член 4 а

Во состав на Комисијата се именуваат и 18 лица, кои се избираат од редот на евидентираните во Агенцијата за вработување-Биро за вработување-Велес, со школска подготовка соодветна на потребите за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-1960/3
26.05.2006 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов,с.р.

118.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

Се прогласува Решението за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2006 година.

Број 0801-2014/4
29 мај 2006 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 5, став 2 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ“бр.61/04),член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл. гласник на Општина Велес" бр.1.03,5/05 и 9/05), а согласно Одлуката за измена и долнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 8/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 26.05.2006 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот

1. Со ова Решение се врши дополнување на Решението бр. 0701-1362/5 од 08.07.2005 година, со што во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот се именуваат нови членови и тоа:

-Рајна Караиланова Лазовска градежен инженер,
-Македонка Андовска градежен инженер,
-Стојан Петкашинов гимназија,
-Тодор Саздов дипл. градежен инженер,
-Ѓорѓи Костовски - градежен инженер,

-Слободан Стојановски градежен техничар,
-Љубомир Петрушев - градежен техничар,
-Дане Арсов - градежен инженер,
-Панче Христов - дипл. градежен инженер,
-Борка Јанева градежен техничар-архитект,
-Љилјана Амбаркова - градежен техничар-хидро,
-Александра Маџунова инженер архитект,
-Роска Петровска - градежен техничар-архитект,
-Маре Стојановска - градежен техничар,
-Ленче Шеќерова - градежен техничар-архитект
-Валентина Шолевска - градежен техничар-архитект,
-Соња Николова - градежен техничар-хидро,
-Тони Пановски - градежен техничар.

2.Членовите на Комисијата утврдувањето на пазарната вредност ќе ја утврдуваат според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот пропишана од Владата на Република Македонија.

3.Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-1960/4
26.05.2006 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов,с.р.

119.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес, бр.1/03, 5/05 и 9/05),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес

Се прогласува Решението за разрешување и именување на член на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 26.05.2006 година.

Број 0801-2014/5
29 мај 2006 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски,с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1.03,5/05 и 9/05),

Советот на Општина Велес на својата одржана седница на 26.05.2006 година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на член на Организациониот одбор на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“

1. Од член на Организациониот одбор на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“ се разрешува:

- Худеин Јашаров-КУД на ромите.

2. За член на Организациониот одбор на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“ се именува:

- Усеин Ахмедов КУД „Бирлик“.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701- 1960/5
26.05.2006 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов,с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
115	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на цените за давање на услуги за одржување, сервисирање и испитување на противпожарни апарати** **Одлука за утврдување на цените за давање на услуги за орджување сервисирање и испитување на противпожарни апарати**	153
116	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за престанување со работа на Општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес** **О Д Л У КА за престанување со работа на општинското основно училиште „Трајко Андреев“ Велес**	154
117	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот** **О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за формирање на Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот**	154
118	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот** **Р Е Ш Е Н И Е за дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот**	155
119	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Организациониот одбор на Културната манифестација Интернационален фолклорен фестивал „Велес“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Организациониот одбор на Културната манифестација интернационален фолклорен фестивал „Велес“**	156

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00